РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

бр. 02-102/5
Скопје, 05.07.2024 година

Записник од сто и петта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 05.07.2024 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин Ицет Мемети – Заменик претседател
г-дин м-р Башким Бесими член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-дин Антонио Јолевски член
г- дин Ермон Незири член
г-ѓа Кети Петкова член
г-ѓа Зорица Павловиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, Душица Димириеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на сто и петтата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следниот дневен ред:

1. Усвојување на записникот од 104та седница на Советот на јавните обвинители на РСМ.
2. Донесување на одлука за престанок на функција јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, поради исполнување на услови за старосна пензија за јавниот обвинител Наталија Тасевска.
3. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за подготвување на кандидатска листа за избор на кандидат член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола, со изборно место бр.1
4. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за спроведување на избори за членови на Советот од редот на јавние обвинители на јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола, со изборно место бр.1
5. Разно

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 104-та седница на Советот.

Под точката два од дневниот ред, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека поради исполнување на услови за старосна пензија со наполнување на 64 години возраст, Советот треба да донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител во Јавното обвинителство на РСМ за јавниот обвинител Наталија Тасевска заклучно со 30.07.2024 година.

Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за јавниот обвинител Наталија Тасевска, поради исполнување на услови за старосна пензија со наполнување на 64 години возраст заклучно со 30.07.2024 година.**

Под точка три од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот треба да донесе одлука за формирање на Комисија за подготвување на кандидатска листа за избор на член на Советот, од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола.

Воедно за членови на Комисијата ги предложи г-ѓа Јелена Догазанска Колева за Претседател на Комисијата, г-дин Ермон Незири за член и г-ѓа Светлана Жупаноска за член.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка четири од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска, кажа дека Советот треба да формира Комисија за спроведување на избори за член на Советот од редот на јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола и воедно за членови на Комисијата предложи да бидат:

г-ѓа Кети Петкова-Претседател на Комисијата, г-ѓа Душица Димитриеска- Заменик претседател, г-дин Башким Бесими-член, заменик член г-дин Антонио Јолевски, г-ѓа Зорица Павловиќ- член,заменик член г-дин Иџет Мемети.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка Разно од дневниот ред збор зема г-дин Антонио Јолевски кој ги запозна членовите на Советот за постапувањето по еден предмет иницијатива за БЗЗ и кажа дека по истиот било постапувано и истиот ќе се архивира.

Под истата точка од дневниот ред збор зема г-дин Иџет Мемети кој ги извести колегите, членовите на Советот дека од денес нема да ја извршува функцијата заменик претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ, исклучиво поради избегнување на можноста во следниот период во случај на отсуство на претседателот на Советот да се доведе во ситуација да одлучува за работи кои може да бидат сватени како влијание. Воедно смета дека овој чин ќе придонесе органите стручно,професионално и законито да ја извршуваат својата работата.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му се заблагодари на г-дин Ицет Мемети на досегашната соработка и смета дека ова е чин на доблест од негова страна како и морален чин, а се во интерес на понатамошната работа на Советот. Воедно кажа дека на наредната седница Советот ќе назначи нов заменик претседател на Советот.

Откако никој не зема збор, Претседателот на Советот ја заклучи сто и петтата седница на Советот

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
**Генерален Секретар**

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**